21318


ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista

Newspaper cutting

STUDENT

Beograd

26. XI. 1973


## 80 години на француското сликарство

# ОД БОНАР ДО СУЛАЖ



**Во Музејот на современата уметност во Скопје, деновиве, се отвори големата изложба на современото француско сликарство ОД БОНАР ДО СУЛАЖ, што претставува продлабочување на меѓусебните културни врски и пријателството меѓу нашата земја и Франција.**

**После монументалната изложба 1971 година УМЕТНОСТА НА ПОЧВАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА, што нашата земја ја прикажа во Париз, Франција ни ја испрати оваа изложба која претставува пресек на француското сликарство од неговите корени, кон крајот на XIX век, до состојбата пред десетина години.**

На изложбите на француската уметност во нашата земја, секогаш се гледало како на првостепен настан. Уметноста во Југославија, како и кај другите европски земји, не можеше да се развива одвоено од она што создаваше Париз, и како заедничка татковина на уметниците од целиот свет им ги отвори своите порти, а од сите нив зависеше дали добро ќе ја одиграат својата улога во драматичната авантура на творечкиот дух. Без компаративни проучувања, изучувањето на одделни национални уметности во Европа е невозможно. Француската уметност го усклади целокупното искуство со уметнички интерес и го преброди јазот меѓу епохата и создавањето, го смири општото интелектуално сознание со индивидуалниот сензибилитет. Не треба да се заборави дека француската уметност изврши естетска револуција, која почна со импресионизмот, а заврши со надреализмот и со апстракната уметност.

Антологиската изложба што сега се прикажува во Скопје е најголемата и најпрезентативна манифестација на современото француско сликарство во Македонија од ослободувањето до денес. Таа опфаќа 125 дела од 78 уметници, прикажувајќи ги ликовните стремежи и движења на сликарството во Франција од крајот на минатиот век и првите шест децении од овој век: симболизмот, неоимпресионизмот, нобизмот, фовизмот, кубизмот, експресионизмот, надреализмот, енформелот, геометриската и лирската апстракција итн.

УКАЖУВАЈКИ НА РАЗНОВИДНОСТА на најзначајните правци по кои се движела оваа уметност таа ја нагласува и улогата на најзначајните носители на одредени правци, школи, стилови и воопшто, на сите сликарски движења во светот. Таа истовремено ги иницира и ликовните индивидуалисти, како Сињак, Бонар, Пикасо, Брак, Матис, Леже, Миро, Шагал, Руо, Делоне, Вазарели и др.

Изложбата претставува органска целина која укажува на основната карактеристика на модерната уметност на симултаноста на школата и насоките со која е досегнат тоталитетот на животот и глобалноста на светот. На принципот на слободата, отворен антинормативен естетски систем кој што не прејудицира ниту една творечка постапка, ниту една уметничка личност. Модерната уметноста му пружа место под сонце подеднакво на наивецот (овој пат Андреј Бошан и Серафина) и на Пикасо.

На изложбата не се претставени уметниците од последната генерација кои и се познати на југословенската јавност преку своите самостојни изложби.

Изложбата предлага само одделни поглавја од една историја, која не е завршена.

ЛИЛЈАНА ДИРЈАН